**До Општина Демир Хисар**

# **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted], лице за контакт [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни ги локалните акциони планови за животната средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животната средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
2. Доставете ни ги сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
3. Доставете ни информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животната средина. Доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано ваквото тело.
4. Доставете ни ги едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил,** [redacted]
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Во Скопје, 21.03.2023 година**

[redacted]

Датум: 27.03.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-390/1, 24.03.2023 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] Скопје, поднесено на 24.03.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со локалните акциони планови за животна средина, се уважува

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со локалните акциони планови за животна средина.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 24.03.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 24.03.2023 година под архивски број 09-390/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 27.03.2023 година, под бр. 09-390/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Општината нема донесено локални акциони планови за животна средина.

2. Поради тоа што нема локални акциони планови за животна средина, нема ни измени на истите.

3. Општината нема формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина.

4. Општината нема донесено извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

----------------------------------------------